**20120130013**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.1.2012 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/521/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 1 СЕПТЕМВРИ 2011 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2011/137/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СО ОГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ЛИБИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2011/521/ЗНБП на Советот од 1 септември 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Министерството за економија за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката за спроведување 2011/521/ЗНБП на Советот од 1 септември 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија и Одлуката 2011/137/ЗНБП на Советот од 28 февруари 2011 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 78/2011.

Член 6

Одлуката за спроведување 2011/521/ЗНБП на Советот од 1 септември 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка кон Либија се воведува на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 51-8390/1-11 | Претседател на Владата |
| 17 јануари 2012 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

# DECISIONS

## COUNCIL IMPLEMENTING DECISION 2011/521/CFSP

### of 1 September 2011

### implementing Decision 2011/137/CFSP concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision 2011/137/CFSP of 28 February 2011 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya (1), and in particular Article 8(2) thereof,

Whereas in view of the developments in Libya, the list of persons and entities subject to restrictive measures set out in Annex IV to Decision 2011/137/CFSP should be amended,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The entries for the entities set out in the Annex to this Decision shall be deleted from the list set out in Annex IV to Decision 2011/137/CFSP.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 1 September 2011.

*For the Council*

*The President*

M. DOWGIELEWICZ

(1) OJ L 58, 3.3.2011, p. 53.

L 227/16 EN Official Journal of the European Union 2.9.2011

*ANNEX*

Entities referred to in Article 1

2. Economic and Social Development Fund (ESDF)

8. National Commercial Bank

9. Gumhouria Bank

10. Sahara Bank

11. Azzawia (Azawiya) Refining

12. Ras Lanuf Oil and Gas Processing Company (RASCO)

13. Brega

14. Sirte Oil Company

15. Waha Oil Company

17. Tamoil Africa Holdings Limited (a.k.a. Oil Libya Holding Company)

23. First Gulf Libyan Bank

25. National Oil Wells and Drilling and Workover Company (a.k.a. National Oil Wells Chemical and Drilling and Workover Equipment Co.; a.k.a. National Oil Wells Drilling And Workover Equipment Co.)

26. North African Geophysical Exploration Company (a.k.a. NAGECO; a.k.a. North African Geophysical Exploration)

27. National Oil Fields and Terminals Catering Company

28. Mabruk Oil Operations

30. Harouge Oil Operations (a.k.a. Harouge; a.k.a. Veba Oil Libya GMBH)

31. Jawaby Property Investment Limited

32. Tekxel Limited

39. Mediterranean Oil Services Company (a.k.a. Mediterranean Sea Oil Services Company)

40. Mediterranean Oil Services GMBH (a.k.a. MED OIL OFFICE DUESSELDORF. a.k.a. MEDOIL)

41. Libyan Arab Airlines

43. Port authority of Tripoli

44. Port authority of Al Khoms

45. Port authority of Brega

46. Port authority of Ras Lanuf

47. Port authority of Zawia

48. Port authority of Zuwara

49. Al-Sharara Oil Services Company (a.k.a.: Al Sharara, Al-shahara oil service company, Sharara Oil Service Company, Sharara, Al-Sharara al-Dhahabiya Oil Service Company)

ОДЛУКИ

## ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/521/ЗНБП НА СОВЕТОТ

од 1 септември 2011 година

за спроведување на Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот на Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2011/137/ЗНБП на Советот од 28 февруари 2011 година за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија ([1]), а особено член 8(2) од истата,

со оглед на развојните процеси во Либија, списокот на лица и субјекти кои подлежат на рестриктивните мерки утврдени во Анекс IV кон Одлука 2011/137/ЗНБП треба да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Внесовите за субјектите одредени во анексот кон оваа одлука се бришат од списокот одреден во Анекс IV кон Одлука 2011/137/ЗНБП.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на датумот на нејзиното донесување.

Брисел, 1 септември 2011 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. ДОГИЕЛЕВИЧ

---

[1] Сл. весник L58, 3.3.2011 година, стр. 53.

*АНЕКС*

Субјекти наведени во член 1

2. Фонд за економски и социјален развој (Economic and Social Development Fund (ESDF))

8. Национална комерцијална банка (National Commercial Bank)

9. Банка Гумхуриа (Gumhouria Bank)

10. Банка Сахара (Sahara Bank)

11. Рафинерија Азавиа (Azzawia (Azawiya) Refining)

12. Претпријатие за преработка на нафта и гас Рас Лануф (РАСКО) (Ras Lanuf Oil and Gas Processing Company (RASCO))

13. Брега (Brega)

14. Нафтена компанија Сирте (Sirte Oil Company)

15. Нафтена компанија Ваха (Waha Oil Company)

17. Холдинг компанија со ограничена одговорност Тамоил Африка (Tamoil Africa Holdings Limited) (позната како Oil Libya Holding Company)

23. Прва заливска либиска банка (First Gulf Libyan Bank)

25. Компанија за национални нафтени извори, дупчење и извлекување на нафта (National Oil Wells and Drilling and Workover Company) (позната како National Oil Wells Chemical and Drilling and Workover Equipment Co.; a.k.a. National Oil Wells Drilling And Workover Equipment Co.)

26. Северноафриканска геофизичка компанија за испитување (North African Geophysical Exploration Company) (позната како NAGECO; позната како North African Geophysical Exploration)

27. Компанија за услуги за национални нафтени полиња и терминали (National Oil Fields and Terminals Catering Company)

28. Нафтени активности Мабрук (Mabruk Oil Operations)

30. Нафтени активности Хароуге (Harouge Oil Operations (познати како Harouge; познати како Veba Oil Libya GMBH)

31. Инвестиции со ограничена сопственост Џаваби (Jawaby Property Investment Limited)

32. Компанија со ограничена одговорност Текцел (Tekxel Limited)

39. Претпријатие за нафтени услуги за Медитеранот (Mediterranean Oil Services

Company (познато како Mediterranean Sea Oil Services Company)

40. Нафтени услуги за Медитеранот ГМБХ (Mediterranean Oil Services GMBH ) (познати како MED OIL OFFICE DUESSELDORF, познати како MEDOIL)

41. Либиска арапска авиокомпанија (Libyan Arab Airlines)

43. Пристаниште на Триполи (Port authority of Tripoli)

44. Пристаниште на Ал Комс (Port authority of Al Khoms)

45. Пристаниште на Брега (Port authority of Brega)

46. Пристаниште на Рас Лануф (Port authority of Ras Lanuf)

47. Пристаниште на Завиа (Port authority of Zawia)

48. Пристаниште на Зувара (Port authority of Zuwara)

49. Компанија за нафтени услуги Ал-Шарара (Al-Sharara Oil Services Company) (позната како Al Sharara, Al-shahara oil service company, Sharara Oil Service Company, Sharara, Al-Sharara al-Dhahabiya Oil Service Company)